# MEDICUS

ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 30 (2) · 2025

## Original scientific paper


**171** **ASSOCIATION BETWEEN COMMON RISK FACTORS AND UNDIAGNOSED TYPE 2 DIABETES MELLITUS IN PRIMARY HEALTH CARE IN NORTH MACEDONIA**
Darko Iliev[1], Petranka Mishevska[1], Katarina Stavrik[1], Natasha Ilieva[1], Nikola Orovcanec[1]

**179** **ФАКТОРИ НА РИЗИК ЗА НЕУСПЕШЕН МЕДИКАМЕНТОЗЕН АБОРТУС СО МИФЕПРИСТОН И МИСОПРОСТОЛ И ДИЈАГНОСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕГОВАТА УСПЕШНОСТ**
Ева Созовска Белчовска, Ирена Алексиоска Папестиев, Јадранка Георгиевска

**189** **DETECTION OF MICROSATELLITE INSTABILITY AND COMPARISON OF MICROSATELLITE UNSTABLE WITH MICROSATELLITE STABLE TUMORS ACCORDING TO CLINICAL AND PATHOLOGICAL CHARACTERISTICS**
Qemal Rushiti[1], Nikola Jankulovski[1], Rexhep Selmani[1], Svetozar Antovik[1], Gordana Petrushevska[2]

**197** **КЛИНИЧКО-БИОХЕМИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПАЦИЕНТИТЕ СО БОЛЕСТА НА ЦЕРЕБРАЛНИТЕ МАЛИ КРВНИ САДОВИ ШТО ДОВЕДУВА ДО КОГНИТИВНО НАРУШУВАЊЕ**
Ademi B.[1], Mexhiti F.[1], Aleksovski V.[1], Angelova A.[1], Velkov J.[1]

**205** **ЕВАЛУАЦИЈА НА ИНТЕРИНЦИЗАЛНОТО РАСТОЈАНИЕ ПО ТРЕТМАН СО АРТРОЦЕНТЕЗА НА ТЕМПОРОМАНДИБУЛАНРИОТ ЗГЛОБ СО КОРТИКОСТЕРОИД ИЛИ ХИЈАЛУРОНСКА КИСЕЛИНА**
Весна Гошиќ Марковска[1], Јасмина Плунцевиќ Глигороска[2], Александра Бранко[3], Виолета Гошиќ Кипријанова[4], Мухамет Бајрами[5]


## Profesional paper


**212** **КОЛОНСКИ АНГИОДИСПЛАЗИИ: НАШИ ИСКУСТВА**
Атип Рамадами[1], Мери Трајковска[1], Владимир Андреевски[1], Шкендије И. Адем[2], Цем Адем[1]

**219** **ФЕКАЛЕН КАЛПРОТЕКТИН КАЈ ДЕЦА И АДОЛЕСЦЕНТИ СО ИНФЛАМАТОРНА БОЛЕСТ НА ЦРЕВАТА**
Авди Муртезани[1], Ацо Костовски[1], Соња Бојациева[1], Елена Симоновска[1], Арјета Рауфи[2]

**225** **MANIFESTATION OF LUPUS ERYTHEMATOSUS IN PATIENTS WITH CHRONIC KIDNEY DISASESS**
Elita Zylbeari-Masha[1,2],Gazmend Zylbeari[1,2,3], Art Zylbeari[1,2,3],Lutfi Zylbeari[1,3], Bistra Angelovska[2]

**231** **DIFFERENCES AND SIGNIFICANCE OF PATHOHISTOLOGICAL FINDINGS FROM CORE BIOPSY AND RADICAL PROSTATECTOMY IN PROSTATE CANCER PATIENTS**
Minev I[1,2], Ivčev J[1,2], B. Noveska-Petrovska[4,3], Izairi A[1,2], Markovski D[1,3]

**241** **ПРЕВАЛЕНЦА НА ИРЕГУЛАРНИ ЕРИТРОЦИТНИ АНТИТЕЛА КАЈ ДАРИТЕЛИ НА КРВ-СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА**
Дритон Биљали, Татјана Макаровска Бојациева, Анита Божиновска Петковска, Арлинда Азизи Рушити

**248** **CONCENTRATION OF D-DIMERS AT WOMAN WITH NORMAL PREGNANCY**
Ismani Ekrem[1], Neceva Violeta[1], Sani Bajrami[2], Ilber Besimi[2], Nexhbedin Abazi[2]

**253** **EFFECT OF THE RECTUS SHEATH BLOCK ON POSTOPERATIVE QUALITY OF RECOVERY IN OPEN GYNECOLOGICAL SURGERY AS A PART OF MULTIMODAL ANESTHESIA - A RETROSPECTIVE CASE REVIEW**
Goran Mitreski[1,3], Marija Sholjakova[2],Nevenka Laban Gucheva[3], Valentina Mitreska[4]

**262** **УЛОГАТА НА ПРОСВЕТНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ПРОМОЦИЈАТА НА ИМУНИЗАЦИЈАТА: КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА ВО УЧИЛИШТАТА ВО ОПШТИНА ТУТИН**
Митхат Еминовиќ[1,2], Назим Куртовиќ[3], Шќепан Синановиќ[2], Марко Кими Милиќ[2]

**268** **IKTERI NEONATAL DHE KORTIKOSTEROIDËT ANTENATAL**
Sani Bajrami1*, Meral Rexhepi[1], Florin Besimi[1], Majlinda Azemi[1],Shpresa Hodai[1]

**272** **ANTIMICROBIAL RESISTANCE PROFILES OF DIARRHEAL PATHOGENS ISOLATED FROM HOSPITALIZED ADULT PATIENTS WITH ACUTE GASTROENTERITIS**
Osmani Lloga Arlinda[1], Eftimovski Georgi[1], Poposki Kostadin[1], Cvetanovska Marija[1], Milenkoviq Zvonko[1]

**276** **PËRCEPTIMET E PRINDËRVE RRETH IMUZINIMIT ME VAKSINËN HUMAN PAPILLOMAVIRUS NË PRIZREN**
Meriton Bytyqi, Edmond Morina, Fitim Sadiku

**281** **ANALYSIS ON THE EPIDEMIOLOGICAL CHARACTERISTICS OF VARICELLA FROM 2019 TO 2024 IN THE REGION OF TETOVA, NORTH MACEDONIA**
A.Hiseni Skenderi[1], N.Skenderi[1,2], N.Elezi[1], R.Saiti[1]


## Review


**285** **THE IMPORTANCE OF EARLY PALLIATIVE CARE IN GASTROINTESTINAL MALIGNANCIES**
Lazo Jordanovski, Jovanka Jakimovska, Lidija Veterovska Miljkovic, Lidija Pavleska

**290** **GENETIC COUNSELLING FOR PLANNING FUTURE HEALTHY FAMILIES**
Maja Pejkovska Ilieva, Mirjana Kjaeva Pejkovska

**296** **"ASSESSMENT AND MANAGEMENT OF INGUINAL HERNIAS IN CHILDREN'**
Afrim Avdaj[1], Arianit Bytyqi[1], Artur Avdaj[1], Astrit Bytyqi[1]


## Case report


**304** **ASSOCIATION OF SHORT BOWEL SYNDROME WITH METABOLIC ALKALOSIS AND PROTEIN-ENERGY MALNUTRITION: A CASE REPORT**
Gordica Bežoska Simonoska[1], Viktorija Sarafimova-Koceva[1], Ilinka Meglenova[2]

**307** **QUALITY OF LIFE AND BODY IMAGE BEFORE AND AFTER BODY CONTOURING SURGERY- A CASE STUDY**
Roza Krsteska[1,2], Mare Stevkovska[1,3]

**310** **БИЛИЈАРНА АТРЕЗИЈА КАЈ ТРИМЕСЕЧНО ДОЕНЧЕ – ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ**
Соња Бојациева[1], Авди Муртезани[1], Елена Симоновска[1], Оливера Јорданова[1], Атип Рамадани[2]

**315** **АДЕНОКАРЦИНОМ НА ЖЕЛУДНИК КАЈ ДЕТЕ: ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ**
Елена Симоновска[1], Соња Бојациева[1], Авди Муртезани[1], Теодора Трајковска[1], Атип Рамадани[2]

**319** **PRENATAL DIAGNOSIS OF TAUSSIG BING ANOMALY WITH COARCTATION OF THE AORTA - CASE REPORT**
Ana Pejkovska[1], Maja Pejkovska Ilieva[2], Mirjana Kjaeva Pejkovska[3], Pavle Dimcev[4], Igor Samardziski[5]

**324** **LIPOLEIOMYOMA UTERI IN POSTMENOPAUSAL WOMAN**
Tofiloska Valentina[1], Nikoloska Katerina[1], Aleksioska Papastiev Irena[1], Dabeski Drage[1], Megi Micevska[1]

**326** **РЕДОК СЛУЧАЈ НА ДЕРМОИДНА ЦИСТА (МАТУРЕН ЦИСТИЧЕН ТЕРАТОМ НА ОВАРИУМ) КАЈ ПАЦИЕНТКА ВО ПОСТМЕНОПАУЗА**
Беким Дика[1], Ана Коцевска[1]

**329** **CASE REPORT: SUPRASPHINCTERIC PERIANAL FISTULA – OPERATIVE TREATMENT WITH BIOGLUE SURGICAL ADHESIVE**
Stanko Trpeski[1], Vladimir Joksimovik[2], Ndrichim Murati[3], Kristijan Ivanoski[2], Marija Joksimovik[4]

**332** **CASE OF FOREIGN BODY ASPIRATION(HAZELNUT) IN 2 YEAR OLD GIRL**
Stojanovski Proeska Ljubica[1], Lulijeta Mustafa[1],Ivan Arsovski[1]

**335** **CASE REPORT: ЕКСТРАМАМАРНА PAGET-ОВА БОЛЕСТ НА ВУЛВА**
Ангела Величковска Спасовска, Валентина Тофилоска, Николоска Катерина, Георгиевска Јадранка, Дабески Драге

**337** **A COMPLEX CASE OF MORBID OBESITY AND OBSTRUCTIVE SLEEP APNEA SYNDROME IN A YOUNG GIRL**
Adrijana Ugrinoska Pandeva[1]*, Katerina Boshkovska [1,2], Vesna Dzambazovska[1], Sandra Petlichkovska[1]

Medical Journal

# MEDICUS

ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 30 (2) · 2025

## Original scientific paper

**171** ASSOCIATION BETWEEN COMMON RISK FACTORS AND UNDIAGNOSED TYPE 2 DIABETES MELLITUS IN PRIMARY HEALTH CARE IN NORTH MACEDONIA
Darko Iliev[1], Petranka Mishevska[1], Katarina Stavrik[1], Natasha Ilieva[1], Nikola Orovcanec[1]

**179** ФАКТОРИ НА РИЗИК ЗА НЕУСПЕШЕН МЕДИКАМЕНТОЗЕН АБОРТУС СО МИФЕПРИСТОН И МИСОПРОСТОЛ И ДИЈАГНОСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕГОВАТА УСПЕШНОСТ
Ева Созовска Белчовска, Ирена Алексиоска Папестиев, Јадранка Георгиевска

**189** DETECTION OF MICROSATELLITE INSTABILITY AND COMPARISON OF MICROSATELLITE UNSTABLE WITH MICROSATELLITE STABLE TUMORS ACCORDING TO CLINICAL AND PATHOLOGICAL CHARACTERISTICS
Qemal Rushiti[1], Nikola Jankulovski[1], Rexhep Selmani[1], Svetozar Antovik[1], Gordana Petrushevska[2]

**197** КЛИНИЧКО-БИОХЕМИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПАЦИЕНТИТЕ СО БОЛЕСТА НА ЦЕРЕБРАЛНИТЕ МАЛИ КРВНИ САДОВИ ШТО ДОВЕДУВА ДО КОГНИТИВНО НАРУШУВАЊЕ
Ademi B.[1], Mexhiti F.[1], Aleksovski V.[1], Angelova A.[1], Velkov J.[1]

**205** ЕВАЛУАЦИЈА НА ИНТЕРИНЦИЗАЛНОТО РАСТОЈАНИЕ ПО ТРЕТМАН СО АРТРОЦЕНТЕЗА НА ТЕМПОРОМАНДИБУЛАНРИОТ ЗГЛОБ СО КОРТИКОСТЕРОИД ИЛИ ХИЈАЛУРОНСКА КИСЕЛИНА
Весна Гошиќ Марковска[1], Јасмина Плунцевиќ Глигороска[2], Александра Бранко[3], Виолета Гошиќ Кипријанова[4], Мухамет Бајрами[5]

## Profesional paper

**212** КОЛОНСКИ АНГИОДИСПЛАЗИИ: НАШИ ИСКУСТВА
Атип Рамадами[1], Мери Трајковска[1], Владимир Андреевски[1], Шкендије И. Адем[2], Џем Адем[1]

**219** ФЕКАЛЕН КАЛПРОТЕКТИН КАЈ ДЕЦА И АДОЛЕСЦЕНТИ СО ИНФЛАМАТОРНА БОЛЕСТ НА ЦРЕВАТА
Авди Муртезани[1], Ацо Костовски[1], Соња Бојаџиева[1], Елена Симоновска[1], Арјета Рауфи[2]

**225** MANIFESTATION OF LUPUS ERYTHEMATOSUS IN PATIENTS WITH CHRONIC KIDNEY DISASESS
Elita Zylbeari-Masha[1,2],Gazmend Zylbeari[1,2,3], Art Zylbeari[1,2,3],Lutfi Zylbeari[1,3], Bistra Angelovska[2]

**231** DIFFERENCES AND SIGNIFICANCE OF PATHOHISTOLOGICAL FINDINGS FROM CORE BIOPSY AND RADICAL PROSTATECTOMY IN PROSTATE CANCER PATIENTS
Minev I[1,2], Ivčev J[1,2], B. Noveska-Petrovska[4,5], Izairi A[1,2], Markovski D[1,3]

**241** ПРЕВАЛЕНЦА НА ИРЕГУЛАРНИ ЕРИТРОЦИТНИ АНТИТЕЛА КАЈ ДАРИТЕЛИ НА КРВ-СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА
Дритон Биљали, Татјана Макаровска Бојаџиева, Анита Божиновска Петковска, Арлинда Азизи Рушити

**248** CONCENTRATION OF D-DIMERS AT WOMAN WITH NORMAL PREGNANCY
Ismani Ekrem[1], Neceva Violeta[1], Sani Bajrami[2], Ilber Besimi[2], Nexhbedin Abazi[2]

**253** EFFECT OF THE RECTUS SHEATH BLOCK ON POSTOPERATIVE QUALITY OF RECOVERY IN OPEN GYNECOLOGICAL SURGERY AS A PART OF MULTIMODAL ANESTHESIA - A RETROSPECTIVE CASE REVIEW
Goran Mitreski[1,3], Marija Sholjakova[2],Nevenka Laban Gucheva[3], Valentina Mitreska[4]

**262** УЛОГАТА НА ПРОСВЕТНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ПРОМОЦИЈАТА НА ИМУНИЗАЦИЈАТА: КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА ВО УЧИЛИШТАТА ВО ОПШТИНА ТУТИН
Митхат Еминовиќ[1,2], Назим Куртовиќ[3], Шќепан Синановиќ[2], Марко Кими Милиќ[2]

**268** IKTERI NEONATAL DHE KORTIKOSTEROIDËT ANTENATAL
Sani Bajrami[1*], Meral Rexhepi[1], Florin Besimi[1], Majlinda Azemi[1],Shpresa Hodai[1]

**272** ANTIMICROBIAL RESISTANCE PROFILES OF DIARRHEAL PATHOGENS ISOLATED FROM HOSPITALIZED ADULT PATIENTS WITH ACUTE GASTROENTERITIS
Osmani Lloga Arlinda[1], Eftimovski Georgi[1], Poposki Kostadin[1], Cvetanovska Marija[1], Milenkoviq Zvonko[1]

**276** PËRCEPTIMET E PRINDËRVE RRETH IMUZINIMIT ME VAKSINËN HUMAN PAPILLOMAVIRUS NË PRIZREN
Meriton Bytyqi, Edmond Morina, Fitim Sadiku

**281** ANALYSIS ON THE EPIDEMIOLOGICAL CHARACTERISTICS OF VARICELLA FROM 2019 TO 2024 IN THE REGION OF TETOVA, NORTH MACEDONIA
A.Hiseni Skenderi[1], N.Skenderi[1,2], N.Elezi[1], R.Saiti[1]

## Review

**285** THE IMPORTANCE OF EARLY PALLIATIVE CARE IN GASTROINTESTINAL MALIGNANCIES
Lazo Jordanovski, Jovanka Jakimovska, Lidija Veterovska Miljkovic, Lidija Pavleska

**290** GENETIC COUNSELLING FOR PLANNING FUTURE HEALTHY FAMILIES
Maja Pejkovska Ilieva, Mirjana Kjaeva Pejkovska

**296** "ASSESSMENT AND MANAGEMENT OF INGUINAL HERNIAS IN CHILDREN'
Afrim Avdaj[1], Arianit Bytyqi[1], Artur Avdaj[1], Astrit Bytyqi[1]

## Case report

**304** ASSOCIATION OF SHORT BOWEL SYNDROME WITH METABOLIC ALKALOSIS AND PROTEIN-ENERGY MALNUTRITION: A CASE REPORT
Gordica Bežoska Simonoska[1], Viktorija Sarafimova-Koceva[1], Ilinka Meglenova[2]

**307** QUALITY OF LIFE AND BODY IMAGE BEFORE AND AFTER BODY CONTOURING SURGERY- A CASE STUDY
Roza Krsteska[1,2], Mare Stevkovska[1,3]

**310** БИЛИЈАРНА АТРЕЗИЈА КАЈ ТРИМЕСЕЧНО ДОЕНЧЕ – ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ
Соња Бојаџиева[1], Авди Муртезани[1], Елена Симоновска[1], Оливера Јорданова[1], Атип Рамадани[2]

**315** АДЕНОКАРЦИНОМ НА ЖЕЛУДНИК КАЈ ДЕТЕ: ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ
Елена Симоновска[1], Соња Бојаџиева[1], Авди Муртезани[1], Теодора Трајковска[1], Атип Рамадани[2]

**319** PRENATAL DIAGNOSIS OF TAUSSIG BING ANOMALY WITH COARCTATION OF THE AORTA - CASE REPORT
Ana Pejkovska[1], Maja Pejkovska Ilieva[2], Mirjana Kjaeva Pejkovska[3], Pavle Dimcev[4], Igor Samardziski[5]

**324** LIPOLEIOMYOMA UTERI IN POSTMENOPAUSAL WOMAN
Tofiloska Valentina[1], Nikoloska Katerina[1], Aleksioska Papastiev Irena[1], Dabeski Drage[1], Megi Micevska[1]

**326** РЕДОК СЛУЧАЈ НА ДЕРМОИДНА ЦИСТА (МАТУРЕН ЦИСТИЧЕН ТЕРАТОМ НА ОВАРИУМ) КАЈ ПАЦИЕНТКА ВО ПОСТМЕНОПАУЗА
Беким Дика[1], Ана Коцевска[1]

**329** CASE REPORT: SUPRASPHINCTERIC PERIANAL FISTULA – OPERATIVE TREATMENT WITH BIOGLUE SURGICAL ADHESIVE
Stanko Trpeski[1], Vladimir Joksimovik[2], Ndrichim Murati[3], Kristijan Ivanoski[2], Marija Joksimovik[4]

**332** CASE OF FOREIGN BODY ASPIRATION(HAZELNUT) IN 2 YEAR OLD GIRL
Stojanovski Proeska Ljubica[1], Lulijeta Mustafa[1],Ivan Arsovski[1]

**335** CASE REPORT: ЕКСТРАМАМАРНА PAGET-ОВА БОЛЕСТ НА ВУЛВА
Ангела Величковска Спасовска, Валентина Тофилоска, Николоска Катерина, Георгиевска Јадранка, Дабески Драге

**337** A COMPLEX CASE OF MORBID OBESITY AND OBSTRUCTIVE SLEEP APNEA SYNDROME IN A YOUNG GIRL
Adrijana Ugrinoska Pandeva[1*], Katerina Boshkovska [1,2], Vesna Dzambazovska[1], Sandra Petlichkovska[1]

Medical Journal

# MEDICUS

ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 30 (2) · 2025

Revistë Shkencore Nderkombëtare e Shoqatës së Mjekëve Shqiptarë të Maqedonisë
International Journal of Medical Sciences of the Association of the Albanian Doctors from Macedonia

Botues/ Publisher: **SHMSHM / AAMD**
Tel. i Kryeredaktorit / Contact: **+389 (0) 71 240 927**
Zhiro llogaria / drawing account: **200-000031528193**
Numri tatimor / tax number: **4028999123208**
Adresa e Redaksisë-Editorial Board Address: **Mehmed Pashë Deralla nr. 16, Tetovë**
e-mail: **shmshm@live.com**

| | |
|---|---|
| **Kryeredaktori** | **Editor-in-Chief** |
| Prof. Dr. Nevzat Elezi | Nevzat Elezi, MD. PhD |
| | |
| **Redaktorët** | **Editors** |
| Prof. Dr. Omer Xhemaili, Zurich, Zvicër | Omer Dzemaili, MD, PhD, Zurich, Switzerland |
| Prof. Dr. Florin Ramadani, Wels, Austri | Florin Ramadani, MD, PhD, Wels, Austria |
| Prof. Dr. Atilla Rexhepi, Tetovë, Maqedoni | Atilla Rexhepi, MD, PhD, Tetovo, Macedonia |
| Prof. Dr. Lul Raka, Prishtinë, Kosovë | Lul Raka, MD, PhD, Prishtina, Kosova |
| Doc. Dr Rexhep Selmani, Shkup, Maqedoni | Rexhep Selmani, MD, PhD, Skopje, Macedonia |
| | |
| **Këshilli Redaktues** | **Editorial Board** |
| Prof. Dr. Rifat Latifi, Arizona, SHBA | Rifat Latifi, MD, PhD, Arizona, USA |
| Prof. Dr. Alex Leventa, Jerusalem, Izrael | Alex Leventa, MD, PhD Jerusalem, Israel |
| Prof. Dr. Sedat Üstündağ, Edirne, Turqi | Sedat Ustundağ, Edirne, Turkiye |
| Prof. asoc. dr. Avdyl Krasniqi, Prishtinë, Kosovë | Avdyl Krasniqi, MD, PhD, Prishtina, Kosova |
| Prof. dr. sci. Kirk Milhoan,Texas, SHBA | Kirk Milhoan, MD, PhD, Texas, USA |
| Dr. sci. Minir Hasani, Gjermani | Minir Hasani, MD, PhD, Germany |
| Prof. dr sci. Alfred Priftanji, Tiranë, Shqipëri | Alfred Priftanji, MD, PhD, Tirana, Albania |
| Prof. dr. sci. Naser Ramadani, Prishtinë, Kosovë | Naser Ramadani, MD, PhD, Prishtina, Kosova |
| Prof. dr Yovcho Yovchev, Stara Zagora, Bullgari | Yovcho Yovchev, MD, PhD, Stara Zagora, Bulgaria |
| Doc. Dr. Skender Saiti, Shkup, Maqedoni | Skender Saiti, MD, PhD, Skopje, Macedonia |
| Prof. Dr. Milka Zdravkovska, Shkup, Maqedoni | Milka Zdravkovska, MD, PhD, Skopje, Macedonia |
| Prof. dr Gentian Vyshka, Tiranë,Shqipëri | Gentian Vyshka, MD, PhD, Tirana, Albania |
| Prim. dr Gani Karamanaga, Ulqin, Mali Zi | Gani Karamanaga, MD, Ulcinj, Montenegro |
| Prof. dr Ramush Bejiqi, Prishtinë, Kosovë | Ramush Bejiqi, MD, PhD, Prishtina, Kosova |
| Doc. Dr. Meral Rexhepi, Tetovë, Maqedoni | Meral Rexhepi, MD, PhD, Tetovo, Macedonia |
| Doc. Dc. Irfan Ahmeti, Shkup, Maqedoni | Irfan Ahmeti, MD, PhD, Skopje, Macedoniac |
| Prof. dr Arlinda Haxhiu-Zajmi, Shkup, Maqedoni | Arlinda Haxhiu-Zajmi, PhD, Skopje, Macedonia |

**Bordi Këshillëdhënës**
Prof. dr. Shpëtim Telegrafi, Nju Jork, SHBA
Prof. dr. Gëzim Boçari, Tiranë, Shqipëri
Prof. dr. Donço Donev, Shkup, Maqedoni
Prof. Dr. Isuf Dedushaj, Prishtinë, Kosovë
Prof. Dr. Ramadan Jashari, Belgjikë
Prof. Dr. Holger Tietzt, Gjermani
Prof. Dr. Vjollca Meka-Sahatçiu
Prof. Dr. Milena Petrovska, Shkup, Maqedoni
Prof. Dr. Sonja Bojaxhieva, Shkup, Maqedoni

**Advisory Board**
Shpetim Telegrafi, MD, PhD, New York, USA
Gezim Bocari, MD, PhD, Tirana, Albania
Donco Donev, MD, PhD, Skopje, Macedonia
Isuf Dedushaj, MD, PhD, Prishtina, Kosova
Ramadan Jashari, MD, PhD, Belgjum
Holger Tietzt, MD, PhD, Germany
Vjollca Meka-Sahatciu, MD, PhD
Milena Petrovska, MD, PhD, Skopje, Macedonia
Sonja Bojadzieva, MD, PhD, Skopje, Macedonia

**Sekretariati i redaksisë**
Doc. Dr. Bekim Ismaili, Maqedoni
Dr. Sead Zeynel, Maqedoni
Dr. Rihan Saiti, Maqedoni

**Editorial Secretariat**
Bekim Ismaili, MD, PhD Macedonia
Sead Zeynel, MD, Macedonia
Rihan Saiti, MD, Macedonia

**Këshilli Botues**
Doc. Dr. Ilber Besimi
Doc. Dr. Mimoza Bafqari-Bakiji
Dr. Arta Bajraktari
Dr. Besa Pocesta
Dr. Albert Lleshi
Dr. Sefian Ferati-Belçishta
Dr. Ismail Mashkulli
Dr. Jetlumt Pasholli
Dr. Edmond Veseli
Dr. Armend Arsllani
Dr. Jusuf Jakupi
Dr. Jakup Jakupi
Dr. Muharem Saliu
Dr. Alsada Emini
Dr. Fatmir Kaprolli
Dr. Visar Muça
Dr. Çlirim Limani
Dr. Xhabir Bajrami
Dr. Gazmend Elezi
Dr. Fadil Maliqi
Prim. Dr. Shenasi Jusufi
Dr. Fati Ebipi
Dr. Aliriza Osmani
Dr. Ylber Isufi
Dr. Murat Murati

**Editorial Council**
Ilber Besimi, MD, PhD
Mimoza Bafqari-Bakiji, MD, PhD
Arta Bajraktari, MD
Besa Pocesta, MD
Albert Lleshi, MD
Sefian Ferati-Belçishta, MD
Ismail Mashkulli, MD
Jetlumt Pasholli, MD
Edmond Veseli, MD
Armend Arsllani, MD
Jusuf Jakupi, MD
Jakup Jakupi, MD
Muharem Saliu, MD
Alsada Emini, MD
Fatmir Kaprolli, MD
Visar Muça, MD
Çlirim Limani, MD
Xhabir Bajrami, MD
Gazmend Elezi, MD
Fadil Maliqi, MD
Shenasi Jusufi, MD, Prim
Fati Ebipi, MD
Aliriza Osmani, MD
Ylber Isufi, MD
Murat Murati, MD

**Dizajni & Pamja**
Aleksandar Kostadinovski

**Design & Layout**
Aleksandar Kostadinovski

**Shtypur në**
Shtypshkronjen “Pruf Print”, Shkup
Medicus shtypet në tirazh: 600 ekzemplarë
Revista shperndahet falas

**Printed in:**
Print House “Pruf Print”, Skopje
The Jounal Medicus is printed and distributed free of charge with a circulation of 600 copies.

# РЕДОК СЛУЧАЈ НА ДЕРМОИДНА ЦИСТА (МАТУРЕН ЦИСТИЧЕН ТЕРАТОМ НА ОВАРИУМ) КАЈ ПАЦИЕНТКА ВО ПОСТМЕНОПАУЗА

Беким Дика[1], Ана Коцевска[1]

[1]Специјализирана болница за гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" – Скопје

Medicus 2025, Vol. 30 (2): 326-328

## АПСТРАКТ

Оваријалните тератоми се најчестите тумори со потекло од герминативните клетки на оваријумите (95% од сите тумори на герминативните клетки и 20% од сите тумори на јајниците). Тие ретко се детектираат во постменопаузална возраст и понекогаш се поврзани со прекумерно производство на андрогени [3]. Овие тумори содржат зрели ткива кои потекнуваат од ектодерм, мезодерм и/или ендодерм. Прикажуваме случај на 60-годишна пациентка,  која беше примена во нашата болница со абдоминална болка, зголемен абдомен и опиплива карлична маса. На компјутеризирана томографија се прикажа голема туморска формација во малата карлица со локализација над матката, со дијаметар од 10x15 см, со тенок ѕид, делумни прегради и со притисок врз околните структури. Се направи лапаротомија и тотална абдоминална хистеректомија со билатерална аднексектомија. На пресек, цистата беше исполнета со лој и влакна, ѕидот беше дебел 2-3 мм, со мазна луминална површина, во еден дел со видлив цврст нодуларен дел со дијаметар од 4,5 см, кој имаше структура од масно ткиво и потврдо 'рскавично ткиво (Teratoma maturum cysticum ovarii). Микроскопската анализа ја потврди дијагнозата. Постоперативниот тек беше уреден, без компликации.

Клучни зборови: тератом, дермоидна циста, овариум, постменопауза

## ВОВЕД

Оваријалните тератоми се најчестите тумори со потекло од герминативните клетки на овариумите (95% од сите тумори на герминативните клетки и 20% од сите тумори на овариумите). Билатералната појава се забележува во 10-12% од случаите [1]. Иако тератомите на јајниците можат да се видат од детството до репродуктивната возраст, просечна возраст за нивна појава е 30 години, пониска од таа за епителните оваријални неоплазми. Дермоидните цисти растат бавно со брзина од 1,6-1,8 mm годишно [2]. Тие ретко се детектираат во постменопаузална возраст и понекогаш се поврзани со прекумерно производство на андрогени [3]. Овие тумори содржат зрели ткива кои потекнуваат од ектодерм, мезодерм и/или ендодерм. Најчесто се среќаваат ткива со ектодермално потекло како што се кожа, коса, потни и лојни жлезди [4,5].

Слика 1. Макроскопски изглед на дермоидна циста [5]



Слика 2. Ултрасонографски приказ на дермоидна циста [6]



Иако масната компонента на дермоидната циста има хиперехоген приказ на ултразвук, понекогаш претставува дијагностички предизвик да се разликува од комплексна циста или хеморагична оваријална циста. Хетерогената презентација на дермоидните цисти на ултразвук се должи на различните пропорции на компоненти кои припаѓаат на сите три слоја на герминативните клетки, како што се епител, коса, коска, заби и ‹рскавица [6].

## ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Прикажуваме случај на 60-годишна пациентка, која беше примена во нашата болница со абдоминална болка, зголемен абдомен и опиплива карлична маса. Пациентката беше 9 години во постеменопауза, со медицинска историја без особености. Ултразвучниот преглед покажа присуство на туморска формација од 10 см, со мешана ехогеност и отсутна васкуларизација. На компјутеризирана томографија се прикажа голема Ту формација во малата карлица со локализација над матката, со дијаметар од 10x15 см, со тенок ѕид, делумни прегради и со притисок врз околните структури. Не беше детектирана слободна течност ниту сигнификантно зголемени лимфни јазли. Серумските туморски маркери и биохемиските параметри беа во референтни рамки. Диференцијално дијагностички можеше да се работи за хеморагична циста, ендометриом, примарна оваријална неоплазма или метастатски тумор. Направивме лапаротомија и тотална абдоминална хистеректомија со билатерална аднексектомија, а хистопатолошкиот извештај беше: Лева аднекса со тежина од 1023 грама, која се состоеше од јајцевод со димензии 3,5x0,5 см и цистично променет јајник со димензии 11x13x12 см. На пресек, цистата беше исполнета со лој и влакна, ѕидот беше дебел 2-3 мм, со мазна луминална површина, во еден дел со видлив цврст нодуларен дел со дијаметар од 4,5 см, кој имаше структура од масно ткиво и потврдо ‘рскавично ткиво (Teratoma maturum cysticum ovarii). Микроскопската анализа ја потврди дијагнозата. Постоперативниот тек беше уреден, без компликации, пациентката беше отпуштена на седмиот постоперативен ден.

## ДИСКУСИЈА

Оваријалните тератоми се класифицираат во поткатегории: зрели цистични тератоми (дермоидни цисти), незрели тератоми и монодермални или високо специјализирани тератоми (struma ovarii). Дермоидна циста е бенигна и е најчеста меѓу тератомите со оваријално потекло. За хистопатолошка дијагноза се потребни најмалку два добро диференцирани слоја на зрели герминативни клетки (ектодерм, мезодерм, ендодерм). Најчесто се присутни коса и кожа (кои потекнуваат од ектодермот) и мускули и масно ткиво (кои потекнуваат од мезодермот) [7].

Малигна трансформација на дермоидната циста е ретка компликација, со инциденца помала од 2%. Најчесто се забележува во постменопаузалниот период и претставува малигна трансформација на една од компонентите на дермоидната циста од негерминално потекло, на пример епидермоиден карцином, аденокарцином или поретко сарком или меланом. Присуството на внатрешна васкуларност може да укажува на малигна трансформација [8,10].

Во нашиот случај се работеше за пациентка во постменопауза, која подолго време имала туморска маса во абдоменот и поради нејзината возраст

и можност да се работи за тумор од епително потекло, се направи хистеректомија со билатерална аднексектомија.

Компликациите поврзани со овој тумор се торзија, инфекција, вирилизација и многу ретко малигна трансформација. Ретко, голема дермоидна циста може да предизвика компликации како што се хидронефроза, опструкција на тенкото црево или формирање на ентеро-оваријална фистула. Руптура на дермоидната циста со резултирачки хемиски перитонитис е акутна компликација која бара итна хируршка интервенција. Постојат и вирилизирачки дермоидни цисти на јајниците, кои се исклучително ретки и почесто се наоѓаат кај жени во постменопауза. Овој тумор може да предизвика и оваријална торзија [9,10].

Нивоата на CA 125, CA 19.9 и CEA може да бидат покачени. Во нашиот случај беа во референтни рамки. Дермоидните цисти се третираат со хируршко отстранување. Лапароскопијата е пожелна поради помала загуба на крв и побрзо закрепнување, но со себе носи поголем ризик од рецидив. Третманот се прилагодува според возраста на пациентката и големината на цистата. Конзервативната хирургија е резервирана за млади жени, особено нулипари кои сакаат да ја зачуваат плодноста [10].

## ЗАКЛУЧОК

Дермоидните цисти на јајниците се ретки кај жени во постменопауза, но диференцијално дијагностички треба да се размислува и на нив. Ултрасонографијата е широко прифатена за нивна дијагностика, но не е секогаш убедлива. Занемарена дермоидна циста на оvариум може прилично да порасне.

Малигната трансформација е невообичаена, но сепак почесто се јавува кога дермоидните цисти се присутни во постменопаузална возраст. Затоа хируршката агресивност треба да се прилагоди според возраста на пациентката. Хистеректомија и билатерална салпинго-оофоректомија се препорачуваат кај пациенти во постменопауза, како што и ние постапивме во нашиот случај.

РЕФЕРЕНЦИ

1. Outwater EK, Siegelman ES, Hunt JL. Ovarian teratomas: Tumor types and imaging characteristics. Radio Graphics. 2001; 21: 475-90.
2. Caspi B, Appelman Z, Rabinerson D, Zalel Y, Tulandi T, et al. The growth pattern of ovarian dermoid cysts: A prospective study in premenopausal and postmenopausal women. FertilSteril. 1997; 68: 501-5.
3. Subbaiah M, Dorairajan G, Gochhait D, Vijayalakshmi G. Virilization in a postmenopausal female due to androgen secreting ovarian dermoid cyst. Midlife Health. 2017;8:98–100. doi: 10.4103/jmh.JMH_98_16.
4. Josephain K, Shankaralingappa A, Vijayan S, Yoga Purini P. Bilateral Ovarian Mature Teratoma in a Middle-Aged Female: A Rare Entity. J Clin Med Surgery. 2023; 3(2): 1113.
5. By Photograph by Ed Uthman, MD. - http://web2.airmail.net/uthman/specimens/index.html, Public Domain, https://commons.wikimedia.org/w/index.php?curid=840023
6. Ravikanth Reddy. Ovarian Dermoid (Mature Cystic Teratoma) in a Postmenopausal Woman: Incidence of Sonographic Signs. Cureus. 2021 Aug 30;13(8):e17581. doi: 10.7759/cureus.17581
7. Sahin H, Abdullazade S, Sanci M. Mature cystic teratoma of the ovary: a cutting edge overview on imaging features. Insights Imaging. 2017;8:227–241. doi: 10.1007/s13244-016-0539-9.
8. Yamanaka Y., Tateiwa Y., Miyamoto H., Umemoto Y., Takeuchi Y., Katayama K., and Hashimoto K. Preoperative diagnosis of malignant transformation in mature cystic teratoma of the ovary, European Journal of Gynaecological Oncology. (2005) 26, no. 4, 391–392, 16122185
9. Esterson YB, Gaballah M, Grimaldi GM, Raj MH, Pellerito JS. Ovarian dermoid cyst complicated by small bowel obstruction, entero-ovarian fistula formation, and malignant degeneration. Clin Imaging. 2019;56:47–51. doi: 10.1016/j.clinimag.2019.03.005
10. Sunanda N et al. A rare case of a giant ovarian dermoid cyst in a 65-year-old woman: a case report. Int J Reprod Contracept Obstet Gynecol. 2025Jan;14(1):252-254